САМОСТОЕН СИНДИКАТ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ, НАУКА И КУЛТУРА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
TRADE UNION OF EDUCATION, SCIENCE AND CULTURE OF THE REPUBLIC OF MACEDONIA
ул. Маџир Маало бр. 36, 1000 Скопје, П.ф.450, тел:02/3115-011

Бр. 0801-117/2
29-10-2021 год

Врз основа на член 33, став 1 и став 2; член 53, став 1, алинеја 15 од Статутот на Самостојниот синдикат за образование, наука и култура на Република Македонија – СОНК и Одлуката за распишување на избори во синдикалните организации и Регионалните одбори на СОНК, донесена на 16-06-2021 година, Советот на СОНК на својата 1-ва редовна седница, одржана на 29-10-2021 година, ги донесе следниве:

# К Р И Т Е Р И У М И

## за избор и именување на претседатели на Регионални одбори на СОНК

**I. Претседателите на Регионалните одбори на СОНК се избираат, согласно член 33, став 1 од Статутот на СОНК и врз основа на следните Критериуми:**

**1.** Членови на СОНК кои имаат најмалку 5 години непрекинато членство во СОНК;

**2.** Членови кои го почитувале и спроведувале Статутот на СОНК и Одлуките на Советот на СОНК;

**3.** Членови кои стекнале углед и доверба меѓу членовите и со својата активност го афирмирале СОНК и активно се залагале за зачувување на единството во синдикалните организации и СОНК во целина, не подлегнувајќи на закани и притисоци од било која страна да доаѓале;

Активно се спротивставувале на сите видови антисиндикални дејствувања, кои имале за цел да ги суспендира и укине правата и слободите на синдикалното организирање и дејствување;

**4.** Членови кои активно учествувале во сите синдикални активности што биле организирани во рамките на СОНК, особено штрајкови, протести и сл;

**5.** Членови кои отворено и решително застанале на страна на заштита на правата и интересите на членството и не се приклониле на политичко-партиско влијание и влијание на раководни структури во установата и

**6.** Членови кои учествувале во разни облици на синдикална едукација во организација на СОНК.

**II. Изборот од пријавените кандидати за претседатели на Регионалните одбори на СОНК го врши Комисија за избор и именување, која ја формира Советот на СОНК со посебна Одлука, а Решението за изборот на претседател на Регионалниот одбор на СОНК го потпишува претседателот на СОНК.**

**III. Пријавените кандидати кои нема да бидат избрани од страна на Комисијата за избор и именување на претседатели на Регионалните одбори на СОНК, согласно член 53, став 1, алинеја 17 ќе имаат право на Жалба до Советот на СОНК.**

**IV. Овие Критериуми влегуваат во сила со денот на нивното донесување.**

**Претседател**
**Јаким Неделков**